**Повеќе од три години.** Толку беше потребно едно барање за основно право – **платено породилно отсуство за жените земјоделки** – да помине пат од јавна кампања, преку собраниска расправа, до правосилна судска пресуда која ја утврди дискриминацијата и ја обврза државата да го промени Законот за здравствено осигурување. И патот сè уште не е завршен.

Цивика мобилитас „влезе“ во оваа приказна во 2023 година, кога ја поддржа Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ – МАРГИНИ и нејзините партнери во нивните активности за застапување за платено породилно отсуство и отсуство поради болест или повреда, наменето за над **14.000 жени** регистрирани како индивидуални земјоделки. Преку јавни настани, анализа за јавни политики, кампања и комуникација со пратениците, организацијата значително ја зголеми свесноста за проблемот. Беше поднесен предлог-закон за измени на Законот за здравствено осигурување, а сите пратеници гласаа за потребата од негово донесување. Документарната кампања „Светулки на маката“, во која земјоделките самите раскажуваа за својата секојдневна борба го направи проблемот видлив за јавноста и за Европската Комисија која го додаде во извештајот за напредокот на земјата.




**Граѓаните за промена #25**